


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 58,
МЕСЕЦ
МАЈ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:

Најнови проекти, настани,

образование и друго.

Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО АСФАЛТИРАЊЕ НА ЕДНИОТ ДЕЛ ОД УЛ. „ИНДУСТРИСКА", СЕ ПРИСТАПИ КОН ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ РАБНИЦИ И ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ВТОРИОТ ДЕЛ, КОЈ ЌЕ СЕ ОДВИВА СЛЕДНАТА НЕДЕЛА. ПРЕТХОДНО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРЕКУ НИВНА ПРОГРАМА ПОСТАВИЈА НОВА ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 10 500 000 ДЕНАРИ И ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1300 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.






ПОСТАВЕНИ СЕ СЛИВНИЦИ И РЕШЕТКИ ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА, БЕА АСФАЛТИРАНИ СИТЕ СПОРЕДНИ УЛИЦИ КАКО И КОМПЛЕТНО ЦЕЛАТА ГЛАВНА УЛИЦА.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 20.000.000 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.



СЕ ИЗВРШИ ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР СПОЈ СО УЛ.НИКОЛА МИНЧЕВ, УЛ.ЦВЕТАН ДИМОВ И УЛ.ОРЦЕ НИКОЛОВ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КОНТИНУИРАНО СЕ РАБОТИ НА ДЕЛ ОД НОВИТЕ ПРИКЛУЧОЦИ ЗА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ.





ПО БАРАЊЕ НА ГРУПА ГРАЃАНИ ОД УЗ КУЛА И МЗ МАРЕНА, ИЗВРШЕНА Е САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТ ВИКАН ТАНКО ПАТЧЕ.



СЕ ИЗВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО АТАРОТ НА С.МАРЕНА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СТАВЕНА ВО ФУНКЦИЈА СПОМЕН ФОНТАНАТА ВО ЧЕСТ НА САШКО ГЕШОВСКИ.
ПО ПОВОД 33 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ПРВАТА ЖРТВА ВО БИВШАТА ЈНА. ИДЕЈНОТО РЕШЕНИЕ СЕ СОСТОИ ОД ЦЕНТРАЛНА КРУЖНА ФОНТАНА СО ВИСОК МЛАЗ ВОДА И ДВЕ ПОЛУКРУЖНИ ФОНТАНИ КОИ СЕ ИЗРАБОТЕНИ ОД ТЕМЕН МАТЕРИЈАЛ КОЈ ЈА ОБИКОЛУВААТ ЦЕНТРАЛНАТА ФОНТАНА, МАТЕРИЈАЛИТЕ СЕ МОДЕРНИ, ЛЕСНИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ДОЛГОТРАЈНИ. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ОЈА ДООЕЛ, А ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА Е ВО ВИСИНА ОД 2 700 000,00 ДЕНАРИ.





ОТКАКО ЦЕЛОСНО ЗАВРШИ ИЗГРАДБАТА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КАПТАЖИТЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ, СЕ ИЗВРШИ И КОМПЛЕТНО ЧИСТЕЊЕ НА ПАТЕКАТА НА ОНИЕ ДЕЛОВИ КАДЕ ШТО ИМАШЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „ДИМЕ ТУРИМАНЏОВ" И ТОА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 230 М, ДИЈАМЕТАР ДН 300 КОРУГИРАНА ПП ЦЕВКА, АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 230М, ДИЈАМЕТАР ДН 300 КОРУГИРАНА ПП ЦЕВКА, ЗАЕДНО СО РЕШЕТКИ И СЛИВНИЦИ.
ВРЕДНОСТА НА ДОГОВОРОТ Е 2.4 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, ИНВЕСТИЦИЈА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





КОЛЕКТОР ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ!
Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ПРИСТАПИ КОН ПОДГОТОВКИ НА ТРАСАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОЛЕКТОРОТ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ, КОЈ ЌЕ БИДЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 400М СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф400 И ДЕЛ Ф315, А ИСТИОТ ЦЕЛОСНО ЌЕ ГО ИЗВЕДУВА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ.



СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ! ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2 КОЈА ЌЕ БИДЕ ВО СКЛОП НА ПОДРАЧНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР". ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СРЕДНА РАЗДЕЛНА ЛИНИЈА И ПЕШАЧКИ ПРЕМИНИ ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ И НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО СЕЛО ДРЕНОВО.



ВО ПРЕСРЕТ НА ПРАЗНИКОТ СВ.АТАНАСИЈ , СЕ ИЗВРШИ ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТОТ КОН МАНАСТИРОТ СВ.АТАНАСИЈ ВО СЕЛО ЌЕСЕНДРЕ, ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КОМПАНИЈА ЈА-МИ.



ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД УЛ. ИНДУСТРИСКА, ОТКАКО ПРВИОТ ДЕЛ КОМПЛЕТНО СЕ ЗАВРШИ И БЕА ПОСТАВЕНИ НОВИ РАБНИЦИ И СЛИВНИЦИ. ПРЕТХОДНО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРЕКУ НИВНА ПРОГРАМА ПОСТАВИЈА НОВА ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 10 500 000 ДЕНАРИ И ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1300 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД УЛ.ЃОРЃИ СОКОЛОВ, СЕ ЗАПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД. ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



СЕ ИЗВРШИ ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА. СЛУЖБИТЕ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ГИ ЧИСТАТ НАНОСИТЕ ОД ДОЖДОВИТЕ КОИ ГО ЗАФАТИЈА КАВАДАРЕЧКИОТ РЕГИОН.



ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ ЌЕ ГО ДОПОЛНИ УБАВИОТ КЕЈ.
ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е МИНОР КОРИТОТО, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД. ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ, ДЕНЕС ЗАПОЧНА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ СКАЛИ КОИ ГИ ПОВРЗУВААТ УЛИЦИТЕ „БЕЛАСИЦА" И „СТРАШО ПИНЏУР". ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



СЕ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО С.ВОЗАРЦИ. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА СЕ ВРШИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ 180 МЕТРИ И Е ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



СО ЗАЕДНИЧКИ СРЕДСТВА И РЕСУРСИ ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ" И „КОМУНАЛЕЦ" КАВАДАРЦИ ИЗГРАДИЈА АВТОПЕРАЛНА ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ. ПЕРАЛНАТА Е ЛОЦИРАНА ВО ДЕПОТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ЦЕЛТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ПЕРЕЊЕ НА СОПСТВЕНИ ВОЗИЛА НА ДВЕТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА.
„НА ОВОЈ НАЧИН ЌЕ СЕ ЗГОЛЕМИ ХИГИЕНАТА ВО ВОЗИЛАТА И БИ СЕ ЗАШТЕДИЛЕ СРЕДСТВА КОИ ПРЕТХОДНО СЕ ТРОШЕА ОД БУЏЕТОТ НА ОВИЕ ДВЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО НАМЕНА ЗА ПЕРЕЊЕ НА ВОЗИЛА" – ВЕЛИ ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ, АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, КОМАНДИРОТ НА ПС ОН САШКО ДИМОВСКИ И СО ГЛАВНИОТ СООБРАЌЕН ИНСПЕКТОР ДРАГАН РАМОВ, КОГА Е СЕЗОНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ АКТИВНОСТИ ОД МАЈ ДО ОКТОМВРИ, КОГА СЕ ОБАВУВАТ ДЕЈНОСТИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ,СЕ СЛУЧУВААТ ЧЕСТИ СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ, А ПРИЧИНИТЕЛИ ЗА ТОА СЕ НЕ СИГНАЛИЗИРАНИТЕ ТРАКТОРИ И МАШИНИ. ЗАТОА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО БИЗНИС СЕКТОРОТ ОБЕЗБЕДИ, КАКО ЗА ПОЧЕТОК СТО РОТО СВЕТЛА КОИ ШТО РАБОТАТ НА 12 ВОЛТИ, И ИСТИТЕ ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ. СО ЕДИНСТВЕНА ЦЕЛ, ДОКОЛКУ ВО ТЕКОТ НА РАБОТЕЊЕТО ОСТАНАТ ДЕФЕКТ ИЛИ СЕ ДВИЖАТ ПРЕСПОРО ДА СИ ГО ВКЛУЧАТ РОТАЦИОНОТО СВЕТЛО, ЗА ДРУГИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ ДА БИДАТ ПРЕТПАЗЛИВИ. ПРЕД СЕ ЗА НИВНА, НО И БЕЗБЕДНОСТ ЗА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ.





СО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА АСФАЛТНИТЕ БАЗИ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, ЗАПОЧНА И САНИРАЊЕТО НА УДАРНИТЕ ДУПКИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ.




АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАК ОД „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" КАЈ МАКПЕТРОЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 2600М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# НАСТАНИ

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОМБУ„ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ" СЕ ОДРЖУВА РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИОТ ПРОЕКТ НА МАКПЕТРОЛ АД „КРЕНИ ГЛАС ПРОТИВ ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО". ЕФИКАСНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДЕЛ ОД ВОСПОСТАВЕНИОТ МЕМОРАНДУМ ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ, ВО КОЈ ОПШТАТА ЦЕЛ Е ПРЕКУ ВЗАЕМНА СОРАБОТКА НА СТРАНИТЕ ДА СЕ ВОСПОСТАВИ МЕЃУСЕБНА КООРДИНАЦИЈА, ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАКВИОТ ПРОЕКТ. НА ОВАА РАБОТИЛНИЦА УЧЕСТВО ЗЕМАА УЧЕНИЦИ ОД 6-ТО, 7-МО, 8-МО И 9 –ТО ОДДЕЛЕНИЕ ОД СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НА КОЈА ИМААТ ЕДУКАТИВНИ ПРЕДАВАЊА, ШТО ПРЕТСТАВУВА ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО, КАКО ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ И СПРЕЧИ ИСТОТО.






ПРАЗНУВАЊЕ НА ГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК ВЕЛИГДЕН.







# НАСТАНИ

СЕ ОДБЕЛЕЖАА 33 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА САШКО ГЕШОВСКИ.
-ЧЕСТВУВАЊЕ НА НЕГОВИОТ ГРОБ, КАКО И ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ФОНТАНАТА НА КРУЖНИОТ ТЕК САШКО ГЕШОВСКИ.





ПО ТРЕТ ПАТ ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ДЕН НА СТАНУШИНАТА НА КОЈ СЕ ПРЕЗЕНТИРАА 27 ЕТИКЕТИ ОД ОВАА АВТОХТОНА СОРТА. НАСТАНОТ Е ОРГАНИЗИРАН ОД ЗДРУЖЕНИЈАТА НА МАКЕДОНСКИ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ, А Е ПОДДРЖАН СО ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА И ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ .





# НАСТАНИ

ЗА ПРВПАТ ВО МАКЕДОНИЈА И ТОА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ТУРНИР ВО КОШАРКА НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ.
НА 25.05.2024 ВО СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР ЈАСМИН СО ПОЧЕТОК ВО 11.00 ЧАСОТ БЕШЕ СВЕЧЕНО ОТВОРЕН ПРВИОТ КОШАРКАРСКИ ТУРНИР ВО МАКЕДОНИЈА ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ КАДЕ ПОКРАЈ НАШАТА ЕКИПА УЧЕСТВУВАА И ЕКИПИ ОД СРБИЈА И ГРЦИЈА.
ОВОЈ ТУРНИР Е ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СИТЕ НАС, БИДЕЈЌИ ПРЕКУ ИСТИОТ ЌЕ ГО ПРОМОВИРАМЕ ОВОЈ СПОРТ ВО НАШАТА ДРЖАВА ЗА ДА МОЖЕ ДА ПРОДОЛЖИ ДА СЕ ОДРЖУВА И ВО ИДНИНА!







ГРУПА НА ПОСЕТИТЕЛИ ОД ПОЗНАТИОТ ВИНСКИ РЕГИОН АЛЗАС ОД ФРАНЦИЈА ГО ПОСЕТИЈА ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ
РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ОВИЕ ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ ПРИОРИТЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ГОСТИТЕ БЕА ЗАПОЗНАЕНИ СО БОГАТАТА ТРАДИЦИЈА ВО ДЕЛОТ НА ВИНСКАТА КУЛТУРА ВО ТИКВЕШИЈАТА.





# НАСТАНИ

КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ДРУГИ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ПРИКЛУЧУВА НА НАЈГОЛЕМАТА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ЗАЕДНО СО ПАКОМАК И МЕН ЕНД МАУНТЕН, КАКО НАЈГОЛЕМАТА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ И СЕЛЕКТИРАЊЕ ОТПАД, А ВО ИСТАТА МОЖЕ ДА СЕ ВКЛУЧИ БУКВАЛНО СЕКОЈ КОЈ СЕ ГРИЖИ ЗА ЗДРАВА И ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВОЗРАСТА.
ОВАА ИНИЦИЈАТИВА ТРАЕШЕ ОД 17 ДО 19 МАЈ. ВО КАВАДАРЦИ БЕА СПРОВЕДИ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ БЛАГОДАРЕНИЕ НА СИТЕ ПРИЈАВЕНИ ВОЛОНТЕРИ, СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ И ДЕЛ ОД МОЈ ОПШТИНАР.





ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „СОРАБОТКАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ПРИДОБИВКИТЕ ОД ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ЗА ГРАЃАНИТЕ".
НА ОВАА РАБОТИЛНИЦА ГЛАВНИ ГОВОРНИЦИ БЕА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ Г-ДИН НАСЕР ЗИБЕРИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.





ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ ВО КАВАДАРЦИ!

СО ТРАДИЦИОНАЛНА ПАРАДА НИЗ ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ СОСТАВЕНА ОД 14 МОТОРНИ ВОЗИЛА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА, ОД СТРАНА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ СЕ ОДБЕЛЕЖА ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ.

СПРАВУВАЊЕТО СО ОГНЕНИТЕ СТИХИИ, КОИ СЕ НАЈГОЛЕМ ПРОТИВНИК НА ПОЖАРНИКАРИТЕ, ПРЕТСТАВУВА ЗНАЕЊЕ, СТЕКНАТО ИСКУСТВО, МАКОТРПНА РАБОТА, А НАЈМНОГУ ХРАБРОСТ, ОДЛИКА КОЈА Е СВОЈСТВЕНА ЗА СЕКОЈ ПОЖАРНИКАР.

НЕКА Е ЧЕСТИТ ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ!






ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УЧЕСТВУВАА НА ЗАВРШНАТА РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ“ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ И ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ОД ЖИВОТНА СРЕДИНА.






ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА ЗА ПРВ ПАТ ВО МАКЕДОНИЈА... НАЦИОНАЛНА ВОЛОНТЕРСКА АКЦИЈА ВО 7 ГРАДОВИ НИЗ ДРЖАВАТА

СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНТИВА ПРОТИВ МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА СППМД КАВАДАРЦИ ОРГАНИЗИРАШЕ ВОЛОНТЕРСКА АКЦИЈА ЗА ДА ГО ОДБЕЛЕЖИ „ДЕНОТ НА ДОБРИ ДЕЛА„

МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА (МКЦ-БИТОЛА), ГО ИНИЦИРАШЕ, КООРДИНИРАШЕ И ОРГАНИЗИРАШЕ ПРВИОТ ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА ВО МАКЕДОНИЈА, СО РАЗЛИЧНИ АКТИВНОСТИ. ДЕНОТ НА ДОБРИ ДЕЛА Е МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ВОЛОНТЕРСКА И ХУМАНИТАРНА РАБОТА ШТО ЗАПОЧНАЛ ДА СЕ ПРОСЛАВУВА ОД 2007 ГОДИНА, КАКО ИНИЦИЈАТИВА НА НЕПРОФИТНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ОБЕДИНИ ЛУЃЕТО ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ ДА ПРАВАТ ДОБРИ ДЕЛА ЗА ДРУГИТЕ ЖИТЕЛИ НА ПЛАНЕТАТА. ВО 2024 ГОДИНА ВО ОВАА ГЛОБАЛНА ВОЛОНТЕРСКА И ХУМАНИТАРНА ИНИЦИЈАТИВА БЕА ВКЛУЧЕНИ ПОВЕЌЕ ОД 110 ЗЕМЈИ ВО СВЕТОТ. ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ НА ГЛОБАЛНАТА ВЕБ СТРАНА: HTTPS://WWW.GOOD-DEEDS-DAY.ORG/ .

ВО НАШАТА ЗЕМЈА БЕА РЕАЛИЗИРАНИ ВКУПНО 11 ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИИ СО ДИРЕКТНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ОД 250 ВОЛОНТЕРИ И ПОВЕЌЕ ОД 750 КОРИСНИЦИ/УЧЕСНИЦИ. ПРЕКУ ОБЈАВИТЕ И НАПИСИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕДИУМИ, НЕКОЛКУ ДЕСЕТИЦИ ИЛЈАДИ ЛУЃЕ БЕА ЗАПОЗНАТИ СО АКТИВНОСТИТЕ НА ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА НА НАЦИОНАЛНО НИВО.
ДЕНОТ НА ДОБРИТЕ ДЕЛА ВО МАКЕДОНИЈА ПРОМОВИРАШЕ СОЛИДАРНОСТ, ВОЛОНТИРАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ ВО ОПШТЕСТВОТО ПРЕКУ ДИРЕКТНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИТЕ ВО ПРАВЕЊЕТО ДОБРО ВО НИВНИТЕ ЛОКАЛНИ ЗАЕДНИЦИ. КОРИСНИЦИ НА НАШИТЕ АКЦИИ БЕА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, СТАРИ ЛИЦА, ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ, МАТУРАНТИ ОД СЕМЕЈСТВА КОРИСНИЦИ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ИЛИ ОД СЕМЕЈСТВА СО САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ, БОЛНИЧКИ ПАЦИЕНТИ И ДРУГИ ГРАЃАНИ СО ПОТЕЖОК СОЦИЈАЛЕН И ЕКОНОМСКИ СТАТУС.

ДЕНОТ НА ДОБРИ ДЕЛА 2024 БЕШЕ НА ЦИОНАЛНА АКЦИЈА ВО 7 ГРАДОВИ СО ПОДДРШКА И СОРАБОТКА НА ПАРТНЕРИТЕ НА МКЦ-БИТОЛА: АДИ ГОСТИВАР, ПАБЛИК ЛИЦЕ В ЛИЦЕ СКОПЈЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, СППМД КАВАДАРЦИ, СТАНИЦА ПЕТ ПРИЛЕП И РОТАРИ КЛУБ БИТОЛА-ШИРОКСОКАК.









ГФК ТИКВЕШ 1030 КАВАДАРЦИ Е ШАМПИОН НА КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА!

СЕ ИСПИША КАВАДАРЕЧКАТА ФУДБАЛСКА ИСТОРИЈА!

НЕ ПОСТОЈАТ ЗБОРОВИ СО КОИ БИ ГО ОПИШАЛЕ ИСПИШУВАЊЕТО НА ФУДБАЛСКАТА ИСТОРИЈА НА ГФК ТИКВЕШ. ТИКВЕШ СЕЗОНАТА ЈА ЗАВРШИ НА ОДЛИЧНОТО ВИСОКО 4 МЕСТО И ЈАГОТКАТА НА ВРВОТ ОД ШЛАГОТ ЈА БАРАШЕ ВО ФИНАЛЕТО ОД КУПОТ. ЕУРОФОРИЈА КОЈА ТРАЕШЕ ЕДНА НЕДЕЛА ПРЕД ФИНАЛНИОТ НАТПРЕВАР, НО УШТЕ НЕКОЛКУ ПО ОСВОЈУВАЊЕ НА КУПОТ.

ИСТОРИСКИ НАСТАП И ОБИД ЗА ИСПИШУВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА. И СЕ СЛУЧИ ГОЛЕМАТА ПРЕСЕЛБА НА ГРАЃАНИТЕ. ОФИЦИЈАЛНО 10.000 ПУБЛИКА НА АРЕНАТА ТОДОР ПРОЕСКИ.













# СПОРТ

ГОРДИ КАВАДАРЧАНИ НА СВОИТЕ ФУДБАЛСКИ ХЕРОИ. НАТПРЕВАРОТ СЕ СЛЕДЕШЕ И НА ВИДЕО БИМ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ А РАДОСТА ВО ТОЈ МОМЕНТ ШТО СИ КАВАДАРЧАНЕЦ БЕШЕ НЕОПИСИВА. ДОДЕЛЕНИ МЕДАЛИ И МОМЕНТОТ КОГА КАПИТЕНОТ ВАРЕЛОВСКИ ГО КРЕНА ПЕХАРОТ ЗНАЧЕШЕ НОВО ПОГЛАВЈЕ ВО КАВАДАРЕЧКАТА ФУДБАЛСКА ИСТОРИЈА. КАВАДАРЧАНИ ГО ДОНЕСОА ПЕХАРОТ ВО КАВАДАРЦИ А ГИ ПРЕЧЕКА ВИСТИНСКИ ПОЗИТИВЕН ХАОС. ГОРЕШЕ КАВАДАРЦИ, ИЛЈАДНИЦИ И ИЛЈАДНИЦИ ГРАЃАНИ НА УЛИЦИТЕ СЕ ПОЈАВИЈА ДА ОДДАДАТ ДОСТОИНСТВЕНА ПОЧИТ НА ФУДБАЛСКИТЕ ХЕРОИ. БАКЛИ, ФАКЕЛИ, ОГНОМЕТИ И ОГРОМЕН РЕПЕРТОАР НА ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И СЕ РАЗБИРА ПЕСНАТА - ТИКВЕШ Е ШАМПИОН. ЖУРКАТА КОЈА ПОЧНА НА ИСТОКОТ НА ТОДОР ПРОЕСКИ СЕ ПРЕСЕЛИ НА ЦЕНТРАЛНОТО КАВАДАРЕЧКО ПОДРАЧЈЕ

ЧЕСТИТКИ ДО СИТЕ. ДО ИГРАЧИТЕ КОИ ГИНЕА НА ТЕРЕНОТ - ДО СТРУЧНИОТ ШТАБ КОЈ ЗНАЕШЕ ШТО САКА И КАКО ДА СТИГНЕ ДО ТОА, ДО РАКОВОДСТВОТО И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ МИЛЕ МАСЛАРКОВ КОЈ МАКСИМАЛНО ИМ ОВОЗМОЖИ НА ИГРАЧИТЕ И СТРУЧНИОТ ШТАБ СЕ ШТО БЕШЕ ПОТРЕБНО, НА ЛОЗАРИТЕ КОИ СЕКОГАШ БЕА 12 ИГРАЧ ВО ТИМОТ, КОИ ЗНАЕА КАКО ТРЕБА ДА СЕ БОДРИ ТИМОТ И КОИ ВО СКОПЈЕ НАПРАВИЈА НЕВИДЕНА СПОРТСКА АТМОСФЕРА И ПРЕД СЕ ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ГРАД КАВАДАРЦИ БЕЗ ЧИЈА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ОВА НЕМАШЕ ДА БИДЕ МОЖНО. РАДУВАЈ СЕ КАВАДАРЦИ, ИМА И ЗОШТО! - ЕВРОПО ДОАЃАМЕ.
ГОРДО КАВАДАРЦИ!


























Општинско јавно гласило

**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

Сузана Шалева

Дизајн: Петре Здравков

Насловна форографија: БИКОВ

**Печати:** печатница Арт Принт Студио

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk